# DS SMITH GROUP

# ПОЛИТИКА ЗА БОРБА ПРОТИВ МИТО И КОРУПЦИЈА

| Важи од | Автор | Сопственик | Одобрено од |
|---|---|---|---|
| ноември 2011 година | Мајлс Робертс | Мајлс Робертс | ноември 2011 година |

# СОДРЖИНА

1. Изјава за политиката страна 3
2. Резиме на клучните точки страна 4
3. За кого важи Политиката? страна 5
4. Термини што се користат во Политиката страна 5 и 6
5. Борба против мито и корупција страна 6
6. Темелна проверка и трети лица страна 7 и 8
7. Потплатувања страна 9
8. Плаќање на трошоци, гостопримство и деловна забава страна 10
9. Прилози за политички и добротворни цели страна 10
10. Евидентирање страна 10
11. Казни, примена и дисциплински мерки за непридржување страна 11
12. Обука страна 11
13. Ревидирање страна 11
14. Прашања и информации страна 12, 13, 14
15. АНЕКС страна 16, 17, 18 и 19

## 1. Изјава за политиката

1.1 DS Smith Group не толерира никаква форма на корупција и се обврзува да се придржува кон применетите закони за борба против корупцијата во сите земји во кои работи. DS Smith Group бара од своите вработени да постапуваат чесно и со интегритет во секое време и да ги штитат ресурсите за кои се одговорни. DS Smith Group се обврзува да обезбеди дека можностите за корупција и мито се сведени на најниско можно ниво на ризик. Со овој документ се утврдува политиката за контрола на случаите на мито и корупција и случаите кога постои сомнеж за мито и корупција во рамките на DS Smith Group и процесите кои ќе следат доколку се открие или постои сомнеж за откривање на случај на мито или корупција. Политиката може да се најде на интранет плексус на DS Smith Group http://plexus.dss.dssmithgroup

1.2 Од вработените и од трети лица се бара да ги пријават околностите со коишто се повредува оваа Политика за борба против мито и корупција, користејќи ја „Пријави!" линијата за помош или директно до лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата во Групацијата (Телефон: +44 (0) 207 756 1835 или на е-пошта: AskCoSec@dssmith.com). Сите пријавени случаи на мито и корупција или сомнеж за мито и корупција ќе бидат навремено и темелно разгледани.

1.3 Од Вас се бара да се придржувате до оваа Политика постојано и без исклучок. Непридржувањето до Политиката може да биде предмет на дисциплинска постапка и може да доведе до отпуштање од работа.

**Мајлс Робертс**
**Главен извршен директор на Групацијата**

**ноември 2013 година**

## 2. Резиме на клучните точки

Мора да ги прочитате детално и да се запознаете со условите на оваа Политика. Подолу е дадено резиме на клучните точки:

- DS Smith Group не толерира никаква форма на мито или корупција
- Ниту Вие ниту кое било трето лице кое постапува во име на DS Smith Group не може:
  - да дава или да прима мито на било кое лице, вклучително и на службени лица на странски земји
  - да биде вклучено во било која форма на мито или корупција
  - да потплатува
- Од Вас се бара да ги пријавите сите околности за коишто сте свесни со коишто се повредува оваа Политика
- DS Smith Group може да сноси одговорност за „индиректни‟ плаќања направени од трети лица (како на пример, некој добавувач, агент или подизведувач) во нејзино име. При работење со трети лица мора да постапувате внимателно и да извршите темелна проверка на третото лице за да ги разберете сите ризици од мито и корупција
- Мора да се погрижите овие трети лица да се обврзат на писмено дека се против мито и корупција
- Не смеете да давате донации за политички или добротворни цели без согласност од лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата
- Прекршувањето на оваа Политика може да доведе до дисциплински мерки против Вас, вклучувајќи и отпуштање од работа

- Од Вас се бара да посетувате обуки на теми поврзани со борбата против корупцијата и митото, коишто ќе бидат обезбедени од страна на DS Smith Group

- Ако имате некакви прашања или ако не сте сигурни дали одредени околности претставуваат повреда на оваа Политика, треба да се обратите до лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата

## 3. За кого важи Политиката?

3.1. Оваа Политика за борба против митото и корупцијата важи за сите вработени и трети лица во DS Smith Group.

3.2. Оваа Политика се однесува на сите операции на DS Smith Group во светот и на сите вработени каде и да се наоѓаат, без разлика на нивната географска локација. Од вработените и од третите лица се бара да се запознаат со применливите закони во секоја јурисдикција каде што работат за DS Smith Group.

## 4. Термини кои се користат во Политиката

**Мито / Подмитување:**

- Нудење, ветување или давање нешто што има вредност со цел да се изврши несоодветно влијание врз некој друг за да се добие работа за DS Smith Group или предност за поединецот; или

- Барање или прифаќање на нешто што има вредност како награда или како поттик за несоодветно постапување во врска со давање работа од страна на DS Smith Group.

Митото може да вклучува пари, подароци, гостопримство, трошоци, реципрочни услуги, прилози за политички или добротворни цели, или секаква директна или индиректна корист или земање во предвид.

**Корупција:** Го опишува секое нечесно однесување. Тоа може да вклучува давање или примање мито, но и секаков чин на измама или постапување на начин на којшто Вашите интереси се во конфликт со интересите на DS Smith додека сте во работен однос.

**Вработени лица:** Сите работници кои извршуваат работни задачи за DS Smith, без разлика дали се директно вработени во DS Smith или не.

**Потплатувања:** Плаќања кои ги бараат претставниците на некоја странска влада за забрзување на некоја рутинска владина постапка како што се:

- обработка на лиценци, дозволи или други службени документи;
- обработка на владина документација како што се визи и работни налози; и
- обезбедување услуги како што се полициска заштита и подигнување и испорака на пошта.

**Службени лица на странска земја:** Службеници на кој било владин орган или агенција; службеници на која било јавна меѓународна организација (*пр.* Обединетите нации); политички партии и лидери на партии; кандидати за јавни функции; извршни директори и вработени во компании во државна сопственост или под раководство на државата (како, на пример, лекар во државна болница); секој кој постапува во име на кој било од овие службеници; поединец кој има функција во законодавен, управен или судски орган.

**Трето лице/лица:** ги вклучува агентите, брокерите, партнерите, консултантите, подизведувачите, деловните партнери и другите претставници кои вршат услуги во корист на DS Smith.

## 5. Борба против митото и корупцијата

5.1. DS Smith Group (преку постапките на своите вработени и на трети лица) директно или индиректно нема да дава ниту да прима мито. Нема поставено некаков паричен праг со којшто се дефинира што е тоа мито и нема потреба со митото да се постигне ефектот за да се смета за коруптивна практика бидејќи самото нудење мито е доволно за да се смета за кривично дело. Ова начело важи подеднакво и во Велика Британија и во странство.

5.2. DS Smith Group нема да толерира нејзините вработени и/или трети лица да бидат вклучени во корупција или мито. Сите пријавени

случаи на мито и корупција или сомнеж за мито и корупција ќе бидат навремено и темелно разгледани и со нив ќе се постапува соодветно.

5.3. DS Smith Group, нејзините вработени и трети лица не смеат да нудат, директно или индиректно, да прифаќаат, да ветуваат, да плаќаат или да даваат овластување за мито на кое било службено лице на странска земја со намера да влијаат врз него во својство на службено лице на странска земја, без разлика дали прифаќањето на митото од страна на службеното лице претставува кривично дело во рамките на странската јурисдикција или не.

5.4. Од вработените и третите лица се бара да обратат внимание на околностите во коишто веруваат дека има, може да има, имало или можеби имало несоодветно однесување од страна на други вработени или трети лица (вклучувајќи и надворешни контакти на DS Smith Group) во согласност со оваа Политика. Со сите случаи ќе се постапува со доверливост и строго во согласност со условите наведени во Законот за откривање случаи од јавен интерес од 1998 година, со којшто се штитат легитимните лични интереси на вработените и на работниците.

## 6. Темелна проверка и трети лица

6.1 DS Smith Group може да сноси одговорност за „индиректни" плаќања направени или понудени на било кој субјект или лице во нејзино име од страна на трето лице. При работење со трето лице, неопходно е да се направи соодветна темелна проверка на претходното искуство и угледот на третото лице и да се согледаат сите ризици за мито и корупција што може да постојат.

6.2 DS Smith Group смета дека следните области бараат темелна проверка и проценка на ризикот пред да се влезе во некаков деловен однос, трансакција или проект (кои за да се избегнат сите сомнежи вклучуваат трети лица, заеднички вложувања или преземање на компанија):

6.2.1 проценка на ризикот од измама, мито и корупција поврзани со земјата каде што се врши бизнисот;

6.2.2 разгледување на потенцијалните деловни партнери на третото лице; и

6.2.3 разгледување на предложениот проект или деловна трансакција за да се утврдат што е можно подобро ризиците од корупција или мито.

6.3 При работење со трети лица, треба да се внимава на некои сигнали како показатели за евентуални повреди на законите за борба против митото и корупцијата како што се:

6.3.1 службено лице на странска земја препорачува DS Group да ангажира одредено трето лице;

6.3.2 предложениот надомест на третото лице ангажирано од страна на DS Smith Group е неразумно висок во споредба со пазарната цена и за тоа нема разумно објаснување;

6.3.3 трето лице ангажирано од страна на DS Smith Group бара плаќањата:

6.3.3.1 да се извршат во странство;

6.3.3.2 да се направат на непознато трето лице;

6.3.3.3 да се поделат на повеќе сметки;

6.3.3.4 да се исплатат на сметка во друга земја наместо земјата каде што се наоѓа третото лице или агентот или каде што треба да се изврши работата; или

доколку се предложени други невообичаени финансиски аранжмани.

6.3.4 Третото лице кое DS Smith Group сака да го ангажира ги нема потребните квалификации или персонал за да ги извршува очекуваните услуги;

6.3.5 третото лице премногу се потпира на своите контакти со политички или владини претставници наместо на техничките вештини или на вложеното време;

6.3.6 по проверката на препораките, се открива дека третото лице има лоша репутација или не е доволно познато во дејноста;

6.3.7 третото лице кое DS Smith Group сака да го ангажира не се согласува со условите со коишто се бара придржување до законите за борба против митото и корупцијата;

6.3.8 земјата во којашто DS Smith Group работи или сака да работи е место со голем ризик за корупција; или

6.3.9 истото трето лице постојано се ангажира за вршење работи без никакво разумно објаснување за неговото постојано ангажирање.

6.4 Имајте предвид дека ова не е конечна листа и дека постојат и други случаи коишто укажуваат на евентуални повреди на законите за борба против митото или корупцијата.

6.5 Доколку се утврдат вакви случаи, за тоа веднаш треба да се извести лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата, кое ќе Ве советува за мерките што треба да се преземат.

6.6 Освен ако не е поинаку договорено со лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата, од Вас се бара да се погрижите третите лица и добавувачите да потпишат соодветни обврзувачки договори против митото и корупцијата според формуларот приложен во Анекс 1.

## 7. **Потплатувања**

7.1 DS Smith Group забранува потплатувања. Во многу јурисдикции, ваквите плаќања се забранети со закон.

7.2 Доколку имате прашања или нешто Ве загрижува околу тоа дали да извршите плаќање или не и дали тоа може да претставува потплатување, треба да се обратите до лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата за совет.

## 8. Плаќање на трошоци, гостопримство и деловна забава

8.1 Плаќањата за трошоци, гостопримство или деловна забава извршени од страна на вработени, трети лица, подизведувачи или некои други лица мора да се во согласност со Политиката на DS Smith Group за подароци и гостопримство (http://rugweb/plc).

8.2 Не смее да се врши плаќање на трошоци, гостопримство или деловна забава во корист на службени лица на странски земји без претходно овластување од страна на лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата, кое ќе одреди дали предложеното плаќање е дозволено со законот или не. Плаќањето на такви трошоци, гостопримство или деловна забава може да се врши само во одредени околности, како што се патување и сместување, во врска со разумна и реална промоција, презентација или објаснување на производи или услуги, или заради исполнување или спроведување на договор со службено лице на странска земја или со агенција.

## 9. Прилози за политички и добротворни цели

Сите прилози за политички и добротворни цели, без разлика дали се направени директно или индиректно, мора да се во согласност со применливите закони, мора да се јавно достапни и не смеат да се даваат заради вршење несоодветно влијание врз примателот или со цел добивање деловна предност. Пред да се направи некаква донација мора да се добие претходно овластување од лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата.

## 10. Евидентирање

10.1 Информациите во врска со сите плаќања извршени или добиени од страна на DS Smith Group мора правилно да се евидентираат во книгите и во евиденцијата на DS Smith Group.

10.2 Сите исплати и другите финансиски трансакции мора да бидат одобрени од страна на раководството.

10.3 Непријавени и неевидентирани плаќања не смее да се вршат за било какви цели.

10.4 Средствата на DS Smith Group не смее да се чуваат на ниту една лична сметка или сметка што не е во сопственост на компанијата.

## 11. Казни, примена на дисциплински мерки за непридржување

11.1 DS Smith Group има сериозен пристап кон корупцијата и митото. По извршената соодветна истрага, DS Smith Group ќе преземе правни и/или дисциплински мерки за сите случаи за коишто смета дека е соодветно.

Повредите на оваа Политика може да доведат до дисциплинска мерка онаму каде што е соодветно, вклучувајќи и до прекинување на работниот однос. Доколку случајот е упатен до полицијата, DS Smith Group целосно ќе соработува со полициската истрага и ова може да доведе до кривично гонење на сторителот(сторителите).

11.2 Казните за повреда на законите за борба против мито и корупција вклучуваат прекршочни и кривични санкции и за DS Smith Group и за лицето кое го сторило кривичното дело. Кривичните санкции може да бидат различни во различни јурисдикции, но вклучуваат неограничени парични казни (коишто DS Smith Group нема да ги плати во име на ниту еден поединец) и казна затвор до 10 години.

## 12. Обука

12.1 Од сите вработени се бара редовно да посетуваат обука за да бидат свесни за сите видови корупција и мито, за ризиците од вклучување во активности на корупција и мито, за Политиката на DS Smith Group за борба против мито и корупција и за тоа како може да пријават постоење на сомнение за корупција и мито.

12.2 DS Smith Group ќе обезбеди обука за сите вработени за кои е тоа важно. Третите лица се одговорни за нивниот пристап до соодветни обуки.

## 13. Ревидирање

13.1 DS Smith Group ќе ја разгледува и соодветно ќе ја ревидира оваа Политика согласно ревидирањето и промените на применливите закони. Се очекува првото ревидирање на оваа Политика да се случи до крајот на 2014 година.

## 14. Прашања и информации

14.1 Доколку имате некакви прашања или Ви се потребни дополнителни информации во врска со кој било аспект од оваа Политика, обратете се до:

14.1.1 Вашиот раководител;

14.1.2 лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата, Метју Јовет (Matthew Jowett), кој е именуван за службеник за мито и корупција и има целосна одговорност пред раководниот тим за прашања поврзани со мито и корупција и кој, исто така, може да Ви ги обезбеди законите што се однесуваат на борбата против корупција и мито.

**Често поставувани прашања**

***П: Каде може да најдам дали некоја земја има соодветен закон за борба против мито и корупција?***

О: Секогаш треба да претпоставите дека земјата има соодветен закон за борба против мито и корупција. Всушност, некои земји имаат многу строги казни, вклучувајќи и смртна казна. Конвенцијата на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) за борба против мито на службените лица на странски земји во меѓународните деловни трансакции (Конвенција за борба против мито) претставува еден од најпознатите водичи за компаниите. Самата Конвенција за борба против мито воспоставува стандарди според кои примањето мито од страна на службените лица на странска земја се смета за кривично дело. Земјите коишто ја усвоиле Конвенцијата за борба против мито потоа мора да донесат свои закони според кои примањето мито од страна на службените лица на странска земја се смета за кривично дело. Многу земји, држави и општини имаат соодветни закони за борба против мито и корупција. На пример, соодветниот закон во Велика Британија е Законот за мито од 2010 година. За дополнителни информации во врска со овие закони треба да се обратите до лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата.

***П: Каде можам да најдам информација за нивото на корупција во некоја земја?***

О: Еден извор е Transparency International (http://www.transparency.org), светска организација којашто работи на борба против корупцијата. Секоја година, Transparency International го издава својот Индекс на перцепција на корупцијата, со којшто се мери нивото на перципирана корупција во различни земји.

***П: Ако одредени закони за борба против мито и корупција дозволуваат потплатувања, зошто тогаш DS Smith Group ги забранува?***

О: Во речиси секоја јурисдикција во светот каде што работи DS Smith Group, локалните закони забрануваат потплатувања. Покрај тоа што е незаконски, нудењето пари или нешто што има вредност за услуги или со намера да се влијае на одредена одлука не е етички и претставува лоша деловна практика. Таквото однесување не е во согласност со посветеноста на DS Smith Group да работи етички и со интегритет.

***П: Дали DS Smith Group сѐ уште соработува со субјекти во државна сопственост?***

О: Да. Законите за борба против корупција и мито не ја спречуваат DS Smith Group да врши легитимен бизнис со државни органи или влади или службени лица на странски земји. Меѓутоа, секогаш треба да внимавате на евентуални сигнали или показатели на корупција и мито. Доколку се сомневате или дознаете за корупција или мито, треба веднаш да се обратите до лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата.

***П: Дали треба да знам за некои други услови при интеракцијата со службени лица на британската влада или на странска земја?***

О: Да, постојат одредени услови што се однесуваат на интеракциите со службени лица на британската влада или на странска земја, вклучувајќи и услови што се однесуваат на забрани за давање подароци, оброци и/или забава на службени лица на британската влада или на странска земја, и

ограничувања на прилози за политички цели и нивно пријавување. Пред да се обратите до службени лица на британската влада или на странска земја, треба прво да се обратите до лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата.

***П:*** ***Што ќе се случи ако некој вработен му понуди мито на службено лице на британска влада или на странска земја, но на крај не го даде митото? Дали ова сепак се смета за повреда на применетите закони за борба против мито и корупција?***

О: Да. Дури и со понудата да му се даде нешто на службено лице на британска влада или на странска земја во замена за тоа службеното лице на британската влада или на странска земја да ја искористи својата позиција за да влијае врз одлуките - а не со самото давање - може да се повредат применетите закони за борба против мито и корупција.

***П:*** ***Минатиот месец забележав одредени исплати коишто ми изгледаа чудни, но по кратката дискусија со другите членови од групата, одлучив да ги оставам работите како што се без да поставувам дополнителни прашања? Дали погрешно постапив?***

О: Замижување или непосочување на вознемирувачки информации или показатели според коишто е потребно понатамошно разгледување може да се смета за „согласност или премолчена согласност" и може да претставува повреда на законите за борба против мито и корупција. Доколку станете свесни за сомнителни исплати или други показатели или сомнителни активности, мора веднаш да се обратите до лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата.

***П.*** ***Какви се казните за повреда на законите за борба против мито и корупција, како на пример, Законот за мито на Велика Британија од 2010 година?***

О. Повредите на законите за борба против мито и корупција може да доведат до големи казни за кривични дела и за поединците и за корпорациите.

Исто така, може да се применат и други казни, како, на пример, забрана за соработување со владата или службените лица на странска земја, забрана за учество во бизнисот со хартии од вредност, протерување од локалната јурисдикција и локални казни за прекршоци и за кривични дела.

**Анекс**

**Обврзувачки договор против практиките на мито и корупција („Обврзувачки договор“)**

**Име на компанијата: [                                    ] („Добавувач“)**

1. Во врска со постојаниот деловен однос меѓу [името на DS{sp}Smith] („DS Smith“) и Добавувачот, Добавувачот и неговите службеници и вработени:

    - се придржуваат до сите закони за борба против корупцијата коишто се применуваат за Добавувачот или за DS Smith (во овој случај, ќе се применува Законот за мито од 2010 година без разлика дали е во сила или не и без разлика дали важи за Добавувачот или не); и

    - нема директно или индиректно, без разлика дали се работи за приватни бизнис зделки или за соработка со јавниот сектор, да нудат, ветуваат или даваат (ниту да се согласат да нудат, ветат или дадат) каква било финансиска или друга предност во врска со сите работи коишто се предмет на некаков договор меѓу DS Smith и Добавувачот („**Договор**“) и/или да обезбедат некаква корист за DS Smith што би претставувало повреда на законите за борба против корупцијата коишто важат за Добавувачот или за DS Smith (во овој случај, ќе се применува Законот за мито од 2010 година без разлика дали е во сила или не и без разлика дали важи за Добавувачот или не).

2. Доколку Добавувачот стане свесен за некаква повреда или сомнеж за повреда на овој Обврзувачки договор, Добавувачот веднаш го известува DS Smith, а DS Smith може веднаш да го суспендира спроведувањето на Договорот така што ќе достави писмено известување до Добавувачот, сè додека не се спроведе истрага за повредата или за сомнежот за повреда. Добавувачот му помага на DS Smith во таквата истрага, така што му овозможува пристап на DS Smith до својот персонал, документи и системи.

3. Доколку, според мислењето на DS Smith, Добавувачот го прекршил овој Обврзувачки договор, DS Smith може веднаш да раскине некој или сите договори меѓу DS Smith и Добавувачот така што ќе достави писмено известување до Добавувачот.

4. Без оглед на она што стои во Договорот, во случај на конфликт меѓу овој Обврзувачки договор и некоја одредба од Договорот, овој Обврзувачки договор се смета за меродавен.

Доколку Добавувачот не го потпише и не му го врати овој Обврзувачки договор на DS Smith, тогаш се смета дека Добавувачот ги прифатил условите од овој Обврзувачки договор и се согласил да се придржува до нив.

**Прифаќа и се согласува** во име на Добавувачот:

Потпис: ………………………………………………………................

Полно име и презиме (напишано со печатни букви):
………………………………………………………................

Работно место: ………………………………………………………................

Датум: ………………………………………………………................

**Обврзувачки договор против практиките на мито и корупција („Обврзувачки договор")**

**Име на компанијата: [ ] („Агент")**

1. Во врска со постојаниот деловен однос меѓу [името на DS{sp}Smith] („DS Smith") и Агентот, Агентот и неговите службеници и вработени:

    - се придржуваат до сите закони за борба против корупцијата коишто се применуваат за Агентот или за DS{sp}Smith (во овој случај, ќе се применува Законот за мито од 2010 година без разлика дали е во сила или не и без разлика дали важи за Агентот или не); и

    - нема директно или индиректно, без разлика дали се работи за приватни бизнис зделки или за соработка со јавниот сектор, да нудат, ветуваат или даваат (ниту да се согласат да нудат, ветат или дадат) каква било финансиска или друга предност во врска со сите работи коишто се предмет на некаков договор меѓу DS Smith и Агентот („**Договор**") и/или да обезбедат некаква корист за DS Smith што би претставувало повреда на законите за борба против корупцијата коишто важат за Агентот или за DS Smith (во овој случај, ќе се применува Законот за мито од 2010 година без разлика дали е во сила или не и без разлика дали важи за Агентот или не).

2. Доколку Агентот стане свесен за некаква повреда или сомнеж за повреда на овој Обврзувачки договор, Агентот веднаш го известува DS Smith, а DS Smith може веднаш да го суспендира спроведувањето на Договорот така што ќе достави писмено известување до Агентот, сè додека не се спроведе истрага за повредата или за сомнежот за повреда. Агентот му помага на DS Smith во таквата истрага, така што му овозможува пристап на DS Smith до својот персонал, документи и системи.

3. Доколку, според мислењето на DS Smith, Агентот го прекршил овој Обврзувачки договор, DS Smith може веднаш да раскине некој или сите договори меѓу DS Smith и Агентот така што ќе достави писмено известување до Агентот.

4. Без оглед на она што стои во Договорот, во случај на конфликт меѓу овој Обврзувачки договор и некоја одредба од Договорот, овој Обврзувачки договор се смета за меродавен.

**Прифаќа и се согласува** во име на Агентот:

Потпис: ……………………………………………………………….................

Полно име и презиме (напишано со печатни букви):
………………………………………………………….................

Работно место: ……………………………………………………………………................

Датум: ………………………………………………………………………................